**ЗАПИСНИК**
**од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 03.03.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазар Трајчев.

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Петреска Камењарова, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот Дневен ред најави дека Точката бр.4 - Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-117 од 05.01.2015 година, ќе ја повлече затоа што непосредно пред почетокот на седницата од раководителот на Секторот за финансии и логистика добил копија од фактура, од која е евидентно дека целиот потребен износ што е наведен во материјалите е платен од страна на радиодифузерот. Со тоа Точката 5 Разно сега станува Точка 4.

Советот на Агенцијата, со корекцијата, едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.02.2022 година.
2. Предлог за изрекување мерка на ТВ Гурра за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и еногласно го усвои Записникот од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.02.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка на ТВ Гурра за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека радиодифузерот не ги обезбедил информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможил на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следните податоци: полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата, одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело. Од таа причина се предлага до Советот да се изрече мерката јавна опомена.

Г-дин Ајдини постави прашање до директорот дали наведениот радиодифузер за истиот прекршок има добиено јавна опомена на 23.12.2021 година?

Г-дин Трајчевски одговори дека ТВ Гурра за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ има добиено јавна опомена на крајот од 2021-та година.

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова објасни дека претходната мерка јавна опомена е изречена во декември 2021-та година, а контролниот надзор по истекот на рокот во кој што требал да го усогласи работењето со Законот, е во новата година, месец јануари. Членот 23 од ЗААВМУ вели дека кога првпат во годината радиодифузерот ќе направи одреден прекршок му се изрекува мерка опомена. Ова исто така е вообичаена практика на Советот на Агенцијата и од таа причина повторно се предлага мерка опомена.

Г-дин Ајдини рече дека тоа му била идејата, дека доколку двапати во една календарска година радиодифузерот направи прекршок по ист член од Законот, првиот пат ќе добие јавна опомена а вториот пат прекршочна пријава.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, бр.10-640/1 од 11.02.2022 година и еногласно заклучи на Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 29 јануари 2022 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 51 став 1 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година. Објасни дека овој радиодифузер во законски утврдениот рок од 30 дена од приемот на фактурата не го има наплатено годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, во овој случај 50% од надоместокот бидејќи другите 50% беа донација од страна на АВМУ. Станува збор за доста мала сума од 11.288,00 денари и објасни дека од неофицијални информации има сознание дека сопствениците се иселени во странство. Ќе се почека согласно законскиот рок од 15 дена дали ќе ја уплатат оваа сума или ќе треба да им се одземе дозволата по истекот на рокот.

Г-дин Петрушевски рече дека можеби ова што го објаснил директорот дека сопствениците се иселени во странство е на некој начин оправдување бидејќи сумата е мала, а не е уплатена. Доколку сопствениците не сакаат медиумот да пропадне, најдобро е да го продадат. Остануваат уште 15 дена и се надева дека навремено ќе реагираат, доколку не, согласно Законот Советот ќе гласа и веројатно ќе се усвои предлогот да се одземе дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Службен весник на РСМ“ бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-820/1 од 28.02.2022 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2022-100-0086 од 14.01.2022 година, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, имало обврска да плати 11.288,00 (единаесет илјади двесте осумдесет и осум) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2022 година заклучно со 04.01.2023 година. Заклучно со 25.02.2022 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, не извршило уплата во износ од 11.288,00 (единаесет илјади двесте осумдесет и осум) денари.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече да се информира радиодифузерот за заклучокот на Советот и да се направи обид да се стапи во контакт со сопствениците

дека почнува да им тече рокот од 15 дена и бидејќи овие средства не се големи да пробаат да ги уплатат.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Точка разно.

Г-дин Петрушевски им се заблагодари на членовите на Советот што физички присуствуваа на седницата и како што рече, се надева дека и понатаму ќе продолжат со ваков начин на работа и ќе бидат успешни во одржувањето на седници со присуство во просториите на Агенцијата.

**Бр.** 02-860/4

10.03 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**